# Ново срце

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година IV. бр. 125, Дата: 02. 04. 2012.**


## Наследници Божји

Денес, за да станеш сопственик т.е. наследник на нешто, ти треба пишан документ. Сепак, Библијата ни кажува дека Бог му вети на Авраам дека ќе биде наследник на Божјото Царство и тој му поверува на Бог и по тој начин, тој стана правен наследник на Божјото ветување. По ист начин, сите оние кои ќе ја имаат верата на Авраам, стануваат Божји наследници.

Во Евангелието по Лука ни е опишана една радосна сторија, која покажува дека Бог доаѓа во овој свет и помеѓу народите и нациите, ги пронаоѓа оние на кои Го бараат. Тој ги повикува да излезат од таа мешаница, од таа збунетост и да станат Божји наследници. Подолу е текстот кој зборува за една таква личност, изгубена во мноштвото, но пронајдена од Господ Исус:



*Кога (Исус) поучуваше во сабота, во една синагога, ете, таму беше една жена, која осумнаесет години имаше дух, предизвикувач на болеста; и беше згрчена и не можеше да се исправи. Штом Исус ја виде, ја повика и и рече: „Жено, ослободена си од својата болест." И ги стави рацете врз неа, а таа се исправи веднаш и Го славеше Бога. А настојникот на синагогата негодуваше, дека Исус исцели во сабота и му рече на народот: „Има шест дена во кои треба да се работи! Во тие дни доаѓајте и лекувајте се! А не во саботен ден!" Но Господ во одговор му рече: „Лицемери! Не го одврзува ли секој од вас својот вол, или осле од јаслите во сабота и не го води ли да го напои? А оваа* ***Авраамова ќерка****, која сатаната ја врзал веќе осумнаесет години; не требаше ли да биде одврзана од оваа врска во саботен ден?" А кога го рече тоа, се засрамија сите Негови противници; а целиот народ им се радуваше на сите славни дела, што ги изврши. (Лука 13:10-16)*

Исус (во евангелието на Лука) ја прогласува оваа жена за исцелена, јавно пред сите оние кои биле лути и гневни, затоа што било прекршено одредено правило. Тој, пред сите нив објавува: „И ова е ќерка Авраамова" (жена со Авраамова вера). Тој, во тоа големо мноштво препознава кој е „Авраамов" (наследник на ветувањето), се допира до неа и ја исцелува. И оваа изгубена „ќерка Авраамова" станува наследник на Божјите ветувања.



И ние сме така изгубени, често обременети со разни воспоставени правила, обременети со многу информации за тоа, кои сме и што сме; обременети со прашањето „чии сме?", ние не Го препознаваме Оној што нé повикува и нé прогласува за наследници Божји. Христос доаѓа секој ден во твојот живот (преку Духот Свети) и те повикува да се доближиш до Него и да станеш наследник Божји. Знам дека има многу спротивни гласови кои велат: „Е баш ти ли си тој, Божји наследник, види каков си? Згрбавен (како оваа жена), оптеретен со гревови! Зар ти си тој? Ти ли си тој за кој Бог му ветил на Авраам дека ќе може да го наследи?" Тоа се само гласови од мноштвото со кои не можеш да се препознаеш како наследник.

Но, ако денес допре до тебе Христовиот повик, да станеш сонаследник на Божјото Царство, заедно со Христос, да бидеш дел од Авраамовото наследство и Бог да стане твој Бог, немој да го слушаш гласот на мноштвото. Прифати го Неговиот повик; прими го Неговото ветување, за да бидеш ослободен од сите години во кои си бил врзан под товарот на незнаењето, уморен од прашањето: Зошто сето ова мене ми се случува". На овој ден, чуј, Бог те повикува!


**Автор: Стојан Петровски од Скопје**

**Адреса: „Ново Срце", П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**